Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр 04-612/22
18.12.2025 год.
Новаци

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија” бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 , 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија” бр.2024/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за вработување по Јавен оглас број 807/2025**

1. За извршител на работно место Самостоен референт за сообраќај, патишта и комунални работи во Одделение за комунални дејности, сообраќај, урбанизам и заштита на животна средина и локален економски развој, шифра на работно место УПР 01 01 Г01 000, звање самостоен референт-1 извршител, се избира кандидатот:
- Роберт Стојановски , со идентификациски код: E14F3F3
2. Избраниот кандидат за работно место од точка 1 на оваа Одлука ќе биде вработен на работното место по конечноста на одлуката, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По барање на Општина Новаци бр.04-612/1 од 15.07.2025 година, Агенцијата за администрација на својата интернет страна и во дневните весници “Слободен печат”, “Нова Македонија” и “Коха”, објави Јавен оглас број 807/2025 за вработување на 1 (еден) административен службеник во Општина Новаци на работно место опишано во диспозитивот на оваа одлука.

Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас, на ден 08.08.2025 година изврши административна селекција на пријавените кандидати и со Записник бр. 10-1886/4 од 08.08.2025 година констатира дека 5(пет) кандидати имаат поднесено пријава и сите (пет) имаат уредна пријава.

На ден 10.12.2025 година во просториите на Агенцијата за администрација се спроведе испит за административен службеник за што Комисијата за селекција состави Записник од спроведен испит број 10-1886/11 од 10.12.2025 година со кој констатира дека во трета фаза продолжува само кандидатот со идентификациски код : E14F3F3 , додека на ден 16.12.2025 година се спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за Комисијата за селекција состави Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник број 10-1886/12.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, Комисијата за селекција по јавен оглас изготви Конечна ранг листа на кандидати и Предлог на кандидати за вработување број 10-1886/13 од 16.01.2025 година, според кој за работното место Самостоен референт за сообраќај, патишта и комунални работи во Одделение за комунални дејности, сообраќај, урбанизам и заштита на животна средина и локален економски развој, шифра на работно место УПР 01 01 Г01 000, се предлага кандидатот Роберт Стојановски, со идентификациски код: E14F3F3, со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција 73.55. Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука дозволена е жалба до Агенцијата за Администрација во рок од 8(осум) дена од денот на објавување на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија Општина Новаци Новаци

Доставено до:
-Кандидат
-Агенција за администрација
-Архива/досие